ИНГРА

Скопје
ул. Скупи 3А бр.40А, Скопје-Карпош
моб. +38978299173
e-mail: ingra.inzenering@gmail.com

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СТОПАНСКИ И ИНДУСТРИСКИ НАМЕНИ ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ ВО БЛОК 19 И БЛОК 20 ОД ТИРЗ СКОПЈЕ 1 СО НАМЕНА Г2 – ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА, КО БУНАРЏИК, ОПШТИНА ИЛИНДЕН

ЛОКАЦИЈА: КО БУНАРЏИК
ИНВЕСТИТОР: КРОМБЕРГ & ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА СК ДООЕЛ

ZORICA GJORGJIEVSKA

Digitally signed by ZORICA GJORGJIEVSKA
DN: c=MK, ou=VAT - 4030993204197, 2.5.4.97=NTRMK-4720806, o=MARIO-KOMERC ZORICA DOOEL SKOPJE, serialNumber=160308, title=Upravitel, sn=GJORGJIEVSKA, givenName=ZORICA, cn=ZORICA GJORGJIEVSKA
Date: 2023.03.22 10:26:38 +01'00'

Ana Gjorgjievska

Digitally signed by Ana Gjorgjievska
DN: c=MK, ou=VAT - 4030996145132, 2.5.4.97=NTRMK-5106745, o=INGRA DOOEL Skopje, serialNumber=179247, title=rabotnik, sn=Gjorgjievska, givenName=Ana, cn=Ana Gjorgjievska
Date: 2023.03.22 10:24:34 +01'00'

Тех.број 109/22

ИНГРА ДООЕЛ СКОПЈЕ

ZORICA GJORGJIEVSKA

Digitally signed by ZORICA GJORGJIEVSKA
DN: c=MK, ou=VAT - 4030993204197, 2.5.4.97=NTRMK-4720806, o=MARIO-KOMERC ZORICA DOOEL SKOPJE, serialNumber=160308, title=Upravitel, sn=GJORGJIEVSKA, givenName=ZORICA, cn=ZORICA GJORGJIEVSKA
Date: 2023.03.22 10:26:52 +01'00'

Anche Dimitrievska Tolevska

Digitally signed by Anche Dimitrievska Tolevska
Date: 2023.03.23 18:20:02 +01'00'

Март, 2023

Ana Gjorgjievska

Digitally signed by Ana Gjorgjievska
DN: c=MK, ou=VAT - 4030996145132, 2.5.4.97=NTRMK-5106745, o=INGRA DOOEL Skopje, serialNumber=179247, title=rabotnik, sn=Gjorgjievska, givenName=Ana, cn=Ana Gjorgjievska
Date: 2023.03.22 10:24:16 +01'00'

LILJANA IVANOVSKA

Digitally signed by LILJANA IVANOVSKA
Date: 2023.03.23 21:38:37 +01'00'

Место:	КО Бунарџик, Општина Илинден
Инвеститор:	Кромберг & Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ
Предмет:	Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за парцелација на градежно земјиште во технолошко индустриски развојни зони во Блок 19 и Блок 20 од ТИРЗ Скопје 1 со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Бунарџик, Општина Илинден
Извршител:	ИНГРА ДООЕЛ Скопје
Адреса:	ул. Скупи 3А бр.40А, Скопје-Карпош
Телефон:	+38978299173
Е-маил:	ingra.inzenering@gmail.com
Работен тим:	Ана Ѓорѓиевска, д.и.а. Овластување бр:0.0430 Љубица Јоаким, д.и.а.
Фаза:	Урбанистички проект за стопански и индустриски намени
Технички број:	109/22
Датум на изработка:	Март, 2023

РАБОТЕН ТИМ:

1. Ана Ѓорѓиевска, диа. *Овластување бр:0.0430*
2. Љубица Јоаким, д.и.а.

Управител:

Ана Ѓорѓиевска, диа

Број: 0805-50/150020220313981

Датум и време: 5.12.2022 г. 11:31:36

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 05.12.2022 во 11:31:46
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 07.11.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

/Електронски издаден документ/

Т Е К О В Н А С О С Т О Ј Б А

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	5106745
Целосен назив:	Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање, изведување и инженеринг ИНГРА ДООЕЛ Скопје
Кратко име:	ИНГРА ДООЕЛ Скопје
Седиште:	СКУПИ ЗА бр.40 А СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	10.2.1996 г.
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4030996145132
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог EUR:	0,00
Непаричен влог EUR:	5.305,00
Уплатен дел EUR:	5.305,00
Вкупно основна главнина EUR:	5.305,00

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	АНА ЃОРЃИЕВСКА
Адреса:	БЛАГОЈА СТРАЧКОВ бр.6 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР
Тип на сопственик:	Содружник
Паричен влог EUR:	0,00
Непаричен влог EUR:	5.305,00
Уплатен дел EUR:	5.305,00
Вкупен влог EUR:	5.305,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	41.20 - Изградба на станбени и нестанбени згради
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	

ОВЛАСТУВАЊА	
Овластени лица	
Име и презиме:	АНА ЃОРЃИЕВСКА
Адреса:	БЛАГОЈА СТРАЧКОВ бр.6 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР
Овластувања:	управител, дипломиран архитект
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Овластено лице

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	ingra@t-home.mk

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став (2) од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерството за транспорт и врски издава

ЛИЦЕНЦА

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

НА

Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање, изведување и инженеринг ИНГРА ДООЕЛ Скопје

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

БУЛЕВАР КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ-ПИТУ бр.19/локал 58а СКОПЈЕ- АЕРОДРОМ, ЕМБС:5106745

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ, УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ И РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **14.03.2024 година**

Број: **96**

14.03.2017 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Горан Сугарески

ИНГРА ДООЕЛ
Бр. 109122
03 2023
СКОПЈЕ

Врз основа на Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22), а во врска со изработка на Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за парцелација на градежно земјиште во технолошко индустриски развојни зони во Блок 19 и Блок 20 од ТИРЗ Скопје 1 со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Бунарџик, Општина Илинден, ИНГРА ДООЕЛ – Скопје, го издава следново:

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ

За изработка на Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за парцелација на градежно земјиште во технолошко индустриски развојни зони во Блок 19 и Блок 20 од ТИРЗ Скопје 1 со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Бунарџик, Општина Илинден со технички број **109/22**, како изработувачи се назначуваат:

Планер потписник:

- Ана Ѓорѓиевска, диа.



Соработници:

- Љубица Јоаким, д.и.а.

Планерите се должни проектот да го изработат согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на на урбанизмот и проектирањето.

Управител,

Ана Ѓорѓиевска, диа.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

АНА ЃОРЃИЕВСКА

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: 0.0430

Издадено на: 14.12.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

СОДРЖИНА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ:

- **РЕШЕНИЕ ОД ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР**
- **ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**
- **РЕШЕНИЕ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ**
- **ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**
- **ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ**

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ 10

ВОВЕД 11

1. Проектна програма 12

2. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат 18

3. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение во градежната парцела, во која е утврден простор определен со градежни линии во кој може да се поставуваат повеќе градби 19

3.1 Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно 20

3.2 Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места 23

3.3 Партерно решение со хортикултура 25

3.4 Водови и инсталации на инфраструктурите 26

4. Детални услови за проектирање и градење 32

5. Мерки за заштита 43

5.1 Мерки за заштита на животната средина 43

5.1.1 Мерки за заштита на воздухот 44

5.1.2 Мерки за заштита на водите 46

5.1.3 Мерки за заштита на почвата 46

5.1.4 Мерки за заштита од бучава 46

5.1.5 Мерки за управување со отпадот 47

5.1.6 Мерки за заштита на биодиверзитетот 47

5.2 Мерки за заштита и спасување 48

5.2.1 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи 50

5.2.2 Заштита и спасување од урнатини 52

5.2.3 Заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди 53

5.2.4 Заштита и спасување од свлекување на земјиштето 54

5.2.5 Радиолошка, хемиска, биолошка заштита и заштита од техничко-технолошки катастрофи 54

5.2.6 Засолнување 54
5.2.7 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства 55
5.2.8 Спасување од сообраќајни несреќи 55
5.2.9 Евакуација 55
5.2.10 Згрижување на загрозеното и настраданото население 56
5.2.11 Прва медицинска помош 56
5.2.12 Мерки за заштита од пожар на објектите 56
5.2.13 Заштита од природни непогоди 57
5.3 Мерки за обезбедување на пристапност на лица со инвалидност 57
5.4 Мерки за за заштита на природното и културното наследство 58
5.4.1 Мерки за заштита на природното наследство 58
5.4.2 Мерки за заштита на културното наследство 58
6. ПРИЛОЗИ КОН ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ 60
ГРАФИЧКИ ДЕЛ 97

1. Извод од ТИРЗ Скопје 1 со нанесена граница на проектниот опфат
2. Ажурирана геодетска подлога преземена од геодетскиот елаборат, со нанесена граница на проектниот опфат
3. Табела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за проектниот опфат
4. Табела со нумеричките показатели на урбанистичките параметри за градбите во проектниот опфат
5. Урбанистичко решение за проектниот опфат (Површина за градење)
6. Урбанистичко решение на проектен опфат (Внатрешен сообраќај и нивелманско решение)
7. Урбанистичко решение на проектен опфат (Приклучни точки за сите водови и градби на хидротехничката инфраструктура)
8. Урбанистичко решение на проектен опфат (Партерно уредување со хортикултура)
9. Урбанистичко решение на проектен опфат (Синтезен приказ)

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ВОВЕД

Постапката за изготвување на Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за парцелација на градежно земјиште во технолошко индустриски развојни зони во Блок 19 и Блок 20 од ТИРЗ Скопје 1 со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Бунарџик, Општина Илинден е покрената по барање на Кромберг & Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ.

Урбанистичкиот проект е изработен согласно член 62 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21 и 104/22), Законот за урбано зеленило („Службен весник на Република Северна Македонија" број 11/18), Закон за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19, 18/20 и 279/20), како и со другата релевантна законска и подзаконска регулатива.

Урбанистички проект се изработува согласно членот 58, став 2 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20) и член 54 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21 и 104/22), кој се изработува заради формирање на една градежна парцела во еден блок формиран со спојување на Блок 19 и Блок 20 од ТИРЗ Скопје 1 со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Бунарџик, Општина Илинден.

Предметниот проектен опфат опфаќа дел од катастарските парцели дел од КП 602/5, КП 602/34, КП 602/35, КО Бунарџик, Општина Илинден.

Границата на проектниот опфат е дефинирана по барање на Инвеститорот.

Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за парцелација на градежно земјиште во технолошко индустриски развојни зони во Блок 19 и Блок 20 од ТИРЗ Скопје 1 со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Бунарџик, Општина Илинден се изработува врз основа на Извод од план со бр. 21-4733/2 од 11.08.2022година за одобрен Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1 изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех.бр. F1607 од јуни 2008 година, одобрен од Министество за транспорт и врски со Решение број 16-8774/3 од 01.09.2008година.

Користејќи ја ажурираната геодетска подлога изработена од овластена фирма ДГУ ГЕОПРОЕКТ ПЛУС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ, заведена под број: 0801-762/3-22 од 23.09.2022 година, изработивме Урбанистички проект согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21 и 104/22).

1. Проектна програма

Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за парцелација на градежно земјиште во технолошко индустриски развојни зони во Блок 19 и Блок 20 од ТИРЗ Скопје 1 со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Бунарџик, Општина Илинден

Кромберг & Шуберт Ск ДООЕЛ
бр. 03-6/1 21.03.2023 год.

1. Проектна програма

Предмет: Проектна програма
Проект: Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за парцелација на градежно земјиште во технолошко индустриски развојни зони во Блок 19 и Блок 20 од ТИРЗ Скопје 1 со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Бунарџик, Општина Илинден
Намена: Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Локација: на дел од катастарски парцели КП 602/5, КП 602/34, КП 602/35, КО Бунарџик, Општина Илинден

1.1 Опис на проектниот опфат

Предметниот проектен опфат се наоѓа во КО Бунарџик, Општина Илинден.

Подрачјето е опфатено со Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1 изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех.бр. F1607 од јуни 2008 година, одобрен од Министерство за транспорт и врски со Решение број 16-8774/3 од 01.09.2008година.

Овој урбанистички проект е донесен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (пречистен текст) („Службен весник на РМ", број 24/18). Истиот се спроведува согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20).

Поради формирање на поголема градежна парцела потребно е спојување на два блока во еден блок согласно член 9 од Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1 изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех.бр. F1607 од јуни 2008 година. Во новоформираниот блок потребно е да се планира една градежна парцела.

Оттаму, потребно е да се изработи Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за парцелација на градежно земјиште во технолошко индустриски развојни зони во Блок 19 и Блок 20 од ТИРЗ Скопје 1 со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Бунарџик, Општина Илинден.

Проектниот опфат е на дел од катастарски парцели КП 602/5, КП 602/34, КП 602/35, КО Бунарџик, Општина Илинден.

Границата на проектниот опфат е следна:

ПРОЕКТЕН ОПФАТ	
север	границата поминува низ КП 602/5
исток	границата поминува низ КП 602/5 и коинцидира со дел од источната граница на КП 602/34 и поминува низ КП 602/35
југ	границата во дел коинцидира со јужната граница на 602/34 и поминува низ КП 602/5
запад	границата поминува низ КП 602/5

Прекршни точки на проектниот опфат:

КООРДИНАТИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ		
N	**Y**	**Z**
T1	7551389,76	4649325,65
Лак 01	Испапчување: -0.090 Центар: X=7551391.003 Y=4649278.669 Радиус: 47.000 Почетен агол: 91d30'56" Краен агол:70d52'48"	
T2	7551406,40	4649323,08
T3	7551408,18	4649322,46
T4	7551417,61	4649319,36
T5	7551427,10	4649316,41
T6	7551436,63	4649313,61
T7	7551446,20	4649310,97
T8	7551455,82	4649308,48
T9	7551465,47	4649306,15
T10	7551475,16	4649303,97
T11	7551484,88	4649301,95
T12	7551494,64	4649300,09
T13	7551504,36	4649298,39
T14	7551508,13	4649297,76
T15	7551508,92	4649297,63
T16	7551518,58	4649296,03
T17	7551521,69	4649295,51
T18	7551529,50	4649294,21
T19	7551533,34	4649293,57
T20	7551536,96	4649292,97
T21	7551550,41	4649290,74
T22	7551550,89	4649290,68
T23	7551557,37	4649289,58
T24	7551571,33	4649287,26
T25	7551591,06	4649283,98
T26	7551610,79	4649280,70
T27	7551630,52	4649277,42
T28	7551648,10	4649274,50
T29	7551656,78	4649273,06
T30	7551656,96	4649273,03
T31	7551658,74	4649272,74
Лак 02	Испапчување: -0.069 Центар: X=7551656.012 Y=4649255.962 Радиус: 16.999 Почетен агол: 80d46'20" Краен агол: 65d2'42"	
T32	7551663,18	4649271,37
Лак 03	Испапчување: -0.231 Центар: X=7551662.340 Y=4649269.560 Радиус: 2.000 Почетен агол: 65d2'44" Краен агол:12d57'35"	
T33	7551664,29	4649270,01

Лак 04	Испапчување: -0.089 Центар: X=7551618.487 Y=4649259.468 Радиус: 47.000 Почетен агол: 12d57'35" Краен агол:352d42'35"	
T34	7551665,11	4649253,50
T35	7551643,23	4649082,52
Лак 05	Испапчување: -0.069 Центар: X=7551626.370 Y=4649084.672 Радиус: 17.000 Почетен агол: 352d42'35" Краен агол:336d56'5"	
T36	7551642,01	4649078,01
Лак 06	Испапчување: -0.250 Центар: X=7551640.171 Y=4649078.795 Радиус: 2.000 Почетен агол: 336d56'5" Краен агол:280d48'51"	
T37	7551640,55	4649076,83
Лак 07	Испапчување: -0.089 Центар: X=7551631.728 Y=4649122.996 Радиус: 47.000 Почетен агол: 280d48'51" Краен агол:260d33'51"	
T38	7551624,02	4649076,63
T39	7551503,24	4649096,71
T40	7551492,79	4649098,44
T41	7551492,76	4649098,45
T42	7551489,68	4649098,96
T43	7551484,59	4649099,81
T44	7551482,29	4649100,20
T45	7551478,08	4649100,93
T46	7551474,49	4649101,55
T47	7551473,07	4649101,80
T48	7551467,87	4649102,77
T49	7551461,61	4649103,93
T50	7551454,11	4649105,43
Лак 08	Испапчување: -0.001 Центар: X=7551463.214 Y=4649151.544 Радиус: 47.000 Почетен агол: 258d50'11" Краен агол:258d41'8"	
T51	7551453,99	4649105,46
T52	7551450,18	4649106,22
T53	7551438,79	4649108,66
T54	7551427,42	4649111,24
T55	7551416,10	4649113,98
T56	7551404,80	4649116,86
T57	7551393,55	4649119,89
T58	7551382,34	4649123,07
T59	7551371,17	4649126,39
T60	7551360,04	4649129,86
T61	7551348,97	4649133,48
T62	7551337,94	4649137,24
T63	7551326,96	4649141,15
T64	7551321,51	4649143,16
Лак 09	Испапчување: -0.069 Центар: X=7551327.419 Y=4649159.103 Радиус: 17.000 Почетен агол: 249d40'2" Краен агол:233d53'25"	
T65	7551317,40	4649145,37
Лак 10	Испапчување: -0.251 Центар: X=7551318.579 Y=4649146.984 Радиус: 2.000 Почетен агол: 233d53'25" Краен агол:177d36'12"	
T66	7551316,58	4649147,07
Лак 11	Испапчување: -0.089 Центар: X=7551363.540 Y=4649145.102 Радиус: 47.000 Почетен агол: 177d36'12" Краен агол:157d21'12"	
T67	7551320,16	4649163,20
T68	7551386,03	4649321,08
Лак 12	Испапчување: -0.065 Центар: X=7551401.723 Y=4649314.534 Радиус: 17.000 Почетен агол: 157d21'12" Краен агол:142d33'38"	
T69	7551388,23	4649324,87
Лак 13	Испапчување: -0.226 Центар: X=7551389.813 Y=4649323.653 Радиус: 2.000 Почетен агол: 142d33'38" Краен агол:91d30'56"	

Површината на планскиот опфат изнесува **61725,55m²** или **6,17ha**.

Катастарските парцели КП 602/5, КП 602/34, КП 602/35, КО Бунарџик, Општина Илинден се во сопственост на Република Северна Македонија.

Согласно развојните планови и потреби на Инвеститорот Кромберг & Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ, потребно е да се изработи Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за парцелација на градежно земјиште во технолошко индустриски развојни зони во Блок 19 и Блок 20 од ТИРЗ Скопје 1 со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Бунарџик, Општина Илинден, а во сѐ во склад со зададените услови со Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1 изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех.бр. F1607 од јуни 2008 година, одобрен од Министерство за транспорт и врски со Решение број 16-8774/3 од 01.09.2008година, како и членовите 58 – 62 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20).

1.2 Проектни барања за градбите во рамките на проектниот опфат

Во рамки на проектниот опфат потребно е да се планира производствен погон за автомобилски кабли со администрација со катност од П+1 и максимална висина од H=16m.

Објектот треба да е организиран на тој начин што ќе се одвојуват три функционални сегменти и тоа; административен дел со пропратни содржини, производствен погон- хала и трет сегмент сервисен и технички дел кој го опслужува производствениот погон.

Административниот дел треба да е поставен на јужната страна на градбата и да е сместен на две нивоа чија што катна висина на поединкат треба да изнесува 4,5 метри. Во состав на администрацијата да се предвиди еден главен влез кој ќе го користат надворешните посетители и вработените. Истиот да е проектиран со пропратни содржини како лоби, рецепција и простор за складирање-остава. Потребно е да се планираат два влеза за вработени во производствениот погон, еден кон блок 1 и еден кон блок 2. Сите три главни влеза потребно е да се наоѓаат на јужната фасада на зградата. Освен нив треба да се предвидуваат и десет влезови во поединечни простории на јужната страна, за потребите на кујната, кантината, техничките простории и тренинг центарот.

Од организациски аспект во приземјето потребно е да се вклучат канцеларии за администрацијата и менаџментот, влезно фоаје со приемни содржини, кантина со самопослужување, кујна со магацински простории, гардероби за вработени во кујна, големи гардероби со сопствени тоалети и тушеви за вработени во производствениот погон, тренинг центар, технички простории. На второто ниво од административниот сегмент се предвидени девет групни канцеларии, девет индивидуални канцеларии, две сали за состаноци, архивски простории и помошни простории- чајна кујна и тоалети.

Производствениот погон треба да има чиста корисна висина од 7 метри и зафаќа вкупна нето површина од 31 200 м². Освен големиот отворен простор кој го овозможува производствениот процес потребно е да бидат вклучени се и оддел за внес на материјали и пропратни простории и оддел за изнес на

готова роба и пропратни простории. Во непосредна близина на зградата треба да се планираат технички објекти на неговата западна и источна страна.

Капацитетот на површините треба да е предвиден за 5000 вработени во производствениот сегмент со тросменско работно време и 238 вработени во административниот сегмент од објектот.

1.3 Проектни барања за инфраструктурата

1.3.1 Сообраќајна инфраструктура

Главниот пристап до парцелата треба да се планира од улица бр.1 на јужна страна. Потребно е да се врши контролиран влез и излез во рамки на парцелата преку контролната зграда и во состав на самата парцела да се овозможува соодветно циркулирање на пешачкиот и колскиот сообраќај со тоа што ќе се обезбеди простор и за целосно дооформување на кружна сообраќајница околу објектот, а со тоа и пристап до сите страни од објектот. Потребно е да се предвиди и простор за еден надворешен паркинг со вкупно 20 паркинг места за посетители од кои едно место е планирано за лица со посебни потреби, како и два внатрешни паркинзи со вкупен број од 35 паркинг места за автомобили на менаџментот и службени возила, од кои едно место е планирано за лица со посебни потреби.

Потребно е да се планира можноста за подземен паркинг.

Хидротехничка инфраструктура

Водоводната и канализационата мрежа се поврзуваат со постојната и планираната мрежа и на место утврдено според хидротехничките услови.

Електротехничка инфраструктура

Во рамките на локацијата потребно е да се предвидат две трафостаници во склоп на самиот објект.

Електроенергетското напојување да се обезбеди од електрична мрежа со претходно издадена согласност од ЕВН.

Со проектното решение за новопредвидените градби да се предвидат приклучни точки за телекомуникациска инфраструктура.

1.4 Методологија

Урбанистичкиот проект да се изработи во склад со зададените услови со важечкиот Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1 изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех.бр. F1607 од јуни 2008 година, одобрен од Министерство за транспорт и врски со

5

Решение број 16-8774/3 од 01.09.2008година, како и со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија", број 225/20, 219/21 и 104/22), како и останатата релевантна позитивна законска и подзаконска регулатива од областа на урбанистичкото планирање и проектирање.

Нарачател / Барател за одобрување на УП:

Друштво за производство, трговија и услуги
Кромберг & Шуберт Македонија СК ДООЕЛ
Скопје

2. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат

За целосно согледување на постојната состојба, во границите на опфатот извршени се детални истражувања на просторот.
Истражувањата на локалитетот се извршени по пат на:
- директен увид на теренот и
- директна комуникација со корисниците на просторот.

При увидот на лице место, во рамките на проектниот опфат не се евидентирани објекти.
Со увид на теренот земени се податоци за:
- градежниот фонд (конструкција, катност, намена и состојба на објектот);
- парцелите (граници,големина, уреденост, обработка на слободниот простор и сл.);
- улична мрежа и пристапи (ширина, обработка, состојба);
- друга инфраструктура (водовод, канализација, електро-енергетска мрежа и објекти, топлификација и др.);

Сите резултати од состојбата на терен се систематизирани и прикажани во табели и графички прилози.

На предметниот простор нема изградени објекти.

ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПОСТОЈНА СОСТОЈБА		
НАМЕНА	Површина m2	Проценг%
НЗ - Неизградено земјиште	61725,55	100,00%
ВКУПНО	**61725,55**	100,00%

Во рамките на предметниот проектен опфат, со вкупна површина од 6,17 ha, евидентирана е следната наменска употреба на земјиштето:

НЗ – Неизградено земјиште

Инвентаризација на сообраќајната инфраструктура

Крај јужна граница минува улица 1, планирана со Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1-Македонија, дел од 602/5, КО Бунарџик, Општина Илинден.

Низ проектниот опфат поминува постоечки потисен довод од бунарко подрачје „Јурумлери" Ø280mm, кој согласно Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1-Македонија е планиран да се дислоцира.

На северна страна од проектниот опфат во предвиден индраструктурен коридор има водоводна мрежа Ø200mm, од источна страна водоводна мрежа Ø110mm, на југ во предвиден индраструктурен коридор има водоводна мрежа Ø160mm и на западна страна водоводна мрежа Ø110mm.

На северна страна предвидена е атмосферска канализација Ø300mm, на исток Ø300mm, на југ Ø500mm и на запад Ø500mm.

На северна страна предвидена е фекална канализација Ø250mm, на јужна страна Ø250mm и на запад Ø300mm.

Податоците за хидротехничката инфраструктура се согласно Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1-Македонија.

Инвентаризација на електротехничката инфраструктура

На северна страна од проектниот опфат има постојна 10(20)kV подземна мрежа.

На северна страна од проекниот опфат има и постојна телекомуникациска мрежа на Македонски Телеком АД.

Останата инфраструктура на терен не евидентирана.

Согласно добиен допис од АЦВ со бр 12-8/071 од 25.08.2023 опфатот се наоѓа во зона на Меѓународен аеродром Скопје (26,3м западно од продолжена централна линија на полетно/слетната патека на аеродромот, во т.н. природно/одлетна и преодна рамнина за ограничување на препреки, како и во зоните на заштита од ласерски сигнали, светла, птици и ILS системот) каде е дозволена градба на објекти и поставување на надземни структури со елевација од 253-273мнв во Блок 20 и од 258-262мнв. во Блок 19.

Оттаму може да се планира градба со одредени услови и ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

3. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение во градежната парцела, во која е утврден простор определен со градежни линии во кој може да се поставуваат повеќе градби

Со овој урбанистички проект се спојуваат Блок 19 и Блок 20 од Урбанистичкиот проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1 изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех. бр. F1607 од јуни 2008 година согласно член 9 од истоимениот проект и притоа формираат еден блок. При спојување на овие два блока, се губи нумерацијата на Блок 20 и останува само Блок 19.

Во новоформираниот Урбанистички блок 19 се добива нова затворена регулациона линија и се планира една градежна парцела ГП 19.1 со класа на намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија. Регулационата линија на новоформираниот Блок 19 ја формира градежната парцела 19.1. Површината на новата градежна парцела ГП 19.1 изнесува 61725,55 m2 и е добиена од површините на градежните парцели планирани во Блок 19 чија вкупна површина изнесува 29341,63 m2, површината на градежните парцели во Блок 20 чија заедничка површина изнесува 27695,52 m2, како и сообраќајницата помеѓу градежните парцели чија површина изнесува 4688,40 m2.

3.1 Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно

Локалитетот се наоѓа во Технолошко индустриска развојна зона Скопје 1, на територија на Општина Илинден.

Границите на проектниот опфат ги опфаќаат катастарските парцели КП 602/5, КП 602/34, КП 602/35, КО Бунарџик, Општина Илинден. Границата целосно коинцидира со новоформираната градежна парцела 19.1.

Намената на градежната парцела е преземена од важечка проектна документација, а при тоа усогласена со класификацијата на намени зададена во Член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21 и 104/22) и истата е одредена како: Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија.

Наменската употреба на земјиштето може да се претстави табеларно на следниов начин:

ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ		
НАМЕНА	Површина m2	Проецент%
Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	61725,55	100,00%
ВКУПНО	**61725,55**	100,00%

Површината на проектниот опфат е **61725,55m²** или **6,17ha**.

Согласно горенаведеното, со урбанистичкото решение во рамките на градежната парцела 19.1 се предвидени површини за градење, претставени табеларно како што следи:

ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ																		
Градежна парцела	Површина на проектен опфат - град. парцела (m²)	Број на градба	Поединечна површина на наменска употреба на земјиштето (m²)	Процентуална застапеност во однос на вкупната површина на градежната парцела	Површина под градба (m²)	Процент на изграденост	Бруто развиена површина (m²)	Процентуална застапеност во однос на вкупната бруто изградена површина во опфатот	Коефициент на искористеност	Класа на намена на парцелата	Класа на намена на објект	Компементарна намена на основната намена на објект	Максимална висина на градба (m)	Број на спратови	Максимална елевација	Максимален агол на кров	Процент на озеленетост на градежната парцела	Потребен број на паркинг места
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10		11	11	12	13			14	15
19.1	61726 m²	19.1.1	39839 m²	64,54%	39839 m²	66%	41281 m²	98,42%	0,68	Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	Администрација, гардероби, кујна, простори за едукација-тренинг, склад, трансформаторски станици	H=5,0 H=5,2 H=5,7 H=8,0 H=10,0 H=16,0	П, П+1	275 мнв	35°	20%	55 патничко возило
		19.1.2	362 m²	0,59%	362 m²		362 m²	0,86%			-	Портирница/пријавница	H=5,0	П				
		19.1.3	162 m²	0,26%	162 m²		162 m²	0,39%			-	Пумпна станица	H=5,0	П				
		19.1.4	28 m²	0,04%	28 m²		28 m²	0,07%				Контејнер	H=5,0	П				
		19.1.5	71 m²	0,11%	71 m²		71 m²	0,17%			-	Спринклер	H=5,0	П				
		19.1.6	38 m²	0,06%	38 m²		38 m²	0,09%			-	Спринклер	H=5,0	П				
		19.1.7	-	-	-		-	-			-	Подземен резервоар	-	-				
		19.1.8	-	-	-		-	-			-	Прочистителната станица	-	-				
		-	12374 m²	20,05%	-		-	-			-	Површина под зеленило	-	-				
		-	8851 m²	14,34%	-		-	-			-	Сообраќајни површини	-	-				
	61726 m²		**61726 m²**	**100,00%**	**40500 m²**	**66%**	**41942 m²**		**0,68**									

Дел од поединечните површини за градење и земјиштето во рамките на проектниот опфат се евидентирани и предвидени под комплементарни намени, а согласно одредбите на Член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21 и 104/22). Сите овие комплементарни намени се дополнување на основната намена и се во функција исклучиво за остварување на основната намена.

Над максималната височина на слемето и силуетата на покривот од +275.00 метри не е дозволено да отстапуваат никакви архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор.

Урбанистичкото решение е целосно во склад со дозволените параметри зададени со важечкиот Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1 изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех.бр. F1607 од јуни 2008 година, одобрен од Министество за транспорт и врски со Решение број 16-8774/3 од 01.09.2008година, за кој е добиен официален допис со бр. 21-4733/2 од 11.08.2022година.

Споредбени нумерички показатели во однос на дозволеното со важечкиот Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1 изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех.бр. F1607 од јуни 2008 година, одобрен од Министество за транспорт и врски со Решение број 16-8774/3 од 01.09.2008година:

СОГЛАСНО УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ДОЗВОЛЕНИ СО УП ЗА ТИРЗ СКОПЈЕ 1, ЗА БЛОК 19

Блок 19, ГП 19.1

Површина на градежна парцела	13431,59m²
Максимален дозволен % на изграденост	70%
Максимален дозволен коефициент на искористеност	2,5
Максимално дозволена површина за градење	9402,11m²
Површина под зеленило	1661,48m²
Максимална висина на венец	10м
Наменска употреба на земјиште	Г

Блок 19, ГП 19.2

Површина на градежна парцела	175,00m²
Наменска употреба на земјиште	Г5

Блок 19, ГП 19.3

Површина на градежна парцела	15563,28m²
Максимален дозволен % на изграденост	70%
Максимален дозволен коефициент на искористеност	2,5
Максимално дозволена површина за градење	10894,30m²
Површина под зеленило	1656,06m²
Максимална висина на венец	10м
Наменска употреба на земјиште	Г

Блок 19, ГП 19.4

Површина на градежна парцела	171,76m²
Наменска употреба на земјиште	Г5

СОГЛАСНО УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ДОЗВОЛЕНИ СО УП ЗА ТИРЗ СКОПЈЕ 1, ЗА БЛОК 20

Блок 20, ГП 20.1	
Површина на градежна парцела	13307,67m²
Максимален дозволен % на изграденост	70%
Максимален дозволен коефициент на искористеност	2,5
Максимално дозволена површина за градење	9315,37m²
Површина под зеленило	1656,06m²
Максимална висина на венец	10м
Наменска употреба на земјиште	Г
Блок 20, ГП 20.2	
Површина на градежна парцела	174,07m²
Наменска употреба на земјиште	Г5
Блок 20, ГП 20.3	
Површина на градежна парцела	14041,22m²
Максимален дозволен % на изграденост	70%
Максимален дозволен коефициент на искористеност	2,5
Максимално дозволена површина за градење	9828,85m²
Површина под зеленило	1733,92m²
Максимална висина на венец	10м
Наменска употреба на земјиште	Г
Блок 20, ГП 20.4	
Површина на градежна парцела	172,56m²
Наменска употреба на земјиште	Г5
Сообраќајна површина помеѓу Блок 19 и Блок 20	4688,40m²

Согласно урбанистички параметри дозволени со Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за парцелација на градежно земјиште во технолошко индустриски развојни зони во Блок 19 и Блок 20 од ТИРЗ Скопје 1 со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Бунарџик, Општина Илинден

- **Блок 19, ГП 19.1**	
- Површина на градежна парцела	**61725,55m²**
- Максимален дозволен % на изграденост	**66%**
- Максимален дозволен коефициент на искористеност	**0,68**
- Максимално дозволена површина за градење	**40500 m²**
- Површина под зеленило	**12374m²**

- Максимална висина на градба **16m**
- Наменска употреба на земјиште **Г2**
- Максимална елевација: **275 мнв**
- Максимален агол на кров: **35°**

Градежната парцела 19.1 е формирана во новоформираниот Блок 19, со спојување на Блок 19 и Блок 20 од важечкиот Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1 изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех.бр. F1607 од јуни 2008 година, одобрен од Министество за транспорт и врски со Решение број 16-8774/3 од 01.09.2008година и сообраќајната површина помеѓу тие два блока, со вкупна површина од 61725,55m².


- Градежната парцела е планирана со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
- Вкупната максимална бруто развиена површина на ниво на проектен опфат е 41942 m²
- Процентот на изграденост изнесува 66%.
- Коефициентот на искористеност изнесува 0,68.
- Површина под зеленило 12374 m².

Проектното решение на овој Урбанистички проект е основа за понатамошна изработка на основни проекти за градби. Со урбанистичкото решение овозможена е етапна реализација, со можност за изработка на поединечни основни проекти за секоја од новопредвидените градби.


3.2 Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места

Главниот пристап до парцелата е обезбеден преку улица бр.1 од јужна страна. Се врши контролиран влез и излез во рамки на парцелата преку контролната зграда и во состав на самата парцела се овозможува соодветно циркулирање на пешачкиот и колскиот сообраќај со тоа што се обезбедува простор и за целосно дооформување на кружна сообраќајница околу објектот, а со тоа и пристап до сите страни од објектот. На западната и источната страна соодветно се обезбедува пристап за по три товарни возила кои служат за дотур и истовар на материјали и готов производ.


СООБРАЌАЈНИ ПРОФИЛИ
ОКОЛНА УЛИЧНА МРЕЖА ВОН ПРОЕКТЕН
ОПФАТ ПЛАНИРАНА СО УП ТИРЗ
М = 1:500




ИНДУСТРИСКА УЛИЦА
БУЛЕВАР 2
СОГЛАСНО УП ТИРЗ
1-1




ИНДУСТРИСКА УЛИЦА
УЛИЦА 8
УЛИЦА 1
УЛИЦА 6
СОГЛАСНО УП ТИРЗ
2-2



ВНАТРЕШНА
ЕДНОНАСОЧНА
СООБРАЌАЈНИЦА
СОГЛАСНО УП
3-3



ВНАТРЕШНА
ЕДНОНАСОЧНА
СООБРАЌАЈНИЦА
СОГЛАСНО УП
5-5



ВНАТРЕШНА
ЕДНОНАСОЧНА
СООБРАЌАЈНИЦА
СОГЛАСНО УП
4-4

Решението за внатрешниот сообраќај предвидува непречен пристап до сите новопредвидени градби.

Стационарен сообраќај

Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај, потребите за паркирање за градежната парцела се решени во рамките на сопствената парцела. Потребниот минимален број на паркинг места е зададен од Инвеститорот со Проектната програма согласно реалните потреби, а во склад со одредбите на Член 134 став (1) од Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15, 222/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), а усогласени со Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21 и 104/22).

Обезбедените паркинг места ги задоволуваат барањата на инвеститорот.

Предвиден е надворешен и внатрешен паркинг простор и тоа:

- Паркинг „А": надворешен паркинг за надворешни посетители со обезбедени 20 паркинг места за патнички автомобили;
- Паркинг „Б": внатрешен паркинг за автомобили на менаџментот и службени возила со обезбедени 19 паркинг места за патнички автомобили;
- Паркинг „В": внатрешен паркинг за автомобили на менаџментот и службени возила со обезбедени 16 паркинг места за патнички автомобили;

Паркинг местата за патнички автомобили се планирани за пристап под агол од 90° и се со димензии од 2,50×5,00m, со широчина на пристапот која во дел е 7,5m, а во останатиот дел 10,0m во склад со одредбите на Член 130 ставови (1), (3) и (11) од Правилникот.

Во паркинг „А" и „В"издвоени се по едно посебно паркинг место, специјално димензионирано и обележано за возила што ги користат лицата со инвалидност и намалена подвижност. Истите се со димензии од 3,70×5,00m, во сè во склад со членовите 195 и 196 од Правилникот.

Може да се планира и подземен паркинг, регулационите линии на градежната парцела 19.1 коинцидираат со планираната подземна гарадежна линија.

Нивелетско решение

Актуелната конфигурација на терен налага кај поголем дел од парцелата да се изврши насипување на земјен материјал со цел соодветно нивелирање и позиционирање на објектот. Подолжните падови се движат во рамките на дозволените: помеѓу 0,30% и 6,00% за сообраќајниците на ниво на терен. При изработка на основните проекти, решението за нивелетското решение ќе се доразработи, односно усогласи со проектното решение од тие проекти, при што може да се добијат и други вредности, но не под 0,30% и повеќе од 6,00% за сообраќајниците.

3.3 Партерно решение со хортикултура

За градежната парцела 19.1 изработено е и предлог на партерно уредување на парцелата.

Значаен дел од површината на парцелата е одделен за зеленило. Постојното неуредено земјиште е предвидено хортикултурно да се уреди под ниско зеленило.

Со предлог партерното уредување на градежната парцела и урбанистичкото решение од овој урбанистички проект, одредени се површини под ниско зеленило и презентирани се информативни податоци за процент на оззеленетост на градежната парцела. При изработка на основните проекти, решението за партерно уредување и зеленило ќе се доразработи, односно усогласи со проектното решение од тие проекти, при што може да се добијат и други вредности за процентот на озеленетост, но истиот не смее да биде под 20% на ниво на градежната парцела, а во склад со одредбите на Законот за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија" број 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 42/20).

Градежна парцела	Поединечна намена	Наменска употреба на земјиштето (m²)	Процент
ГП 19.1	Површина под објекти (m²)	40500 m²	66%
	Површина под зеленило (m²)	12374 m²	20%
	Сообраќајни површини (m²)	8851 m²	14%
	Вкупно	**61726 m²**	**100%**

3.4 Водови и инсталации на инфраструктурите

3.4.1Хидротехничка инфраструктура

Основните решенија за водовод, фекална и атмосферска канализација за Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за парцелација на градежно земјиште во технолошко индустриски развојни зони во Блок 19 и Блок 20 од ТИРЗ Скопје 1 со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Бунарџик, Општина Илинден, се изработени врз основа на следните подлоги и податоци:

- постојната хидротехничка инфраструктура во локалитетот и неговата непосредна околина согласно податоците од важечкиот Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1 изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех.бр. F1607 од јуни 2008 година, одобрен од Министество за транспорт и врски со Решение број 16-8774/3 од 01.09.2008година,
- зададеното планско решение за хидротехничката инфраструктура од важечкиот Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1 изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех.бр. F1607 од јуни 2008 година, одобрен од Министество за транспорт и врски со Решение број 16-8774/3 од 01.09.2008година,
- нивелациско решение на парцелата и сообраќајниците во границите на проектниот опфат и неговата непосредна околина и
- техничките прописи за проектирање на овој вид на инсталации.

Со проектната документација се разработува 1 (една) градежна парцела со класа на намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија.

Површината на проектниот опфат изнесува 6,17ha.

Водоснабдување

Согласно Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1-Македонија, низ проектниот опфат поминува постоечки потисен довод од бунарко подрачје „Јурумлери" Ø280mm, кој е планиран да се дислоцира.

На северна страна од проектниот опфат во предвиден индраструктурен коридор има водоводна мрежа Ø160mm, од источна страна водоводна мрежа Ø110mm, на југ во предвиден индраструктурен коридор има водоводна мрежа Ø160mm и на западна страна водоводна мрежа Ø160mm.

Податоците за хидротехничката инфраструктура се согласно важечкиот Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1-Македонија и податоците добиени од ТИРЗ.

Потребните количини на вода пресметани се за средно дневна водоснабдителна норма од:

$q = 200000$ (l/ден/ha)

Часова потрошувачка на вода ќе биде:

$q_{max/час} = 200000/16\times3600 = 3,47$ (l/sec/ha)

Пресметката е извршена за 16 часовно работно време.

Дневна максимална потрошувачка на вода ќе биде:

$q_{max/ден} = 200000/24\times3600 = 2,31$ (l/sec/ha)

Редуцираната норма ќе биде:

$K = F_{бруто}/F_{нето} = 6,17 / 0,79 = 7,81$

Редуцирана норма за водоснабдување за дневен максимум

$q_{pmax/ден} = q_{max/ден} / K = 2,31 / 7,81 = 0,30$ (l/sec/ha).

Редуцирана норма за водоснабдување за часов максимум

$q_{pmax/час} = q_{max/час} / K = 3,47 / 7,81 = 0,44$ (l/sec/ha).

Пресметка на максимална дневна потрошувачка на вода

$Q_{max/ден} = F_{бруто}\times q_{pmax/ден} = 6,17\times0,30 = 1,85$ (l/sec)

Пресметка на максимална часова потрошувачка на вода

$Q_{max/час} = F_{бруто}\times q_{pmax/час} = 6,17\times0,44 = 2,71$ (l/sec)

Пресметка на минимална часова потрошувачка на вода

$Q_{min/час} = 0,16\times Q_{max/час} = 0,16\times2,74 = 0,44$ (l/sec)

Согласно со важечките прописи за заштита од пожар (Правилникот за внатрешна и надворешна хидрантска мрежа), при одредување на потребните количини вода за противпожарна заштита треба да се сметка со едновремена работа на два надворешни и два внатрешни хидранти со:

$Qпож = 2\times5,00 + 2\times2,50 = 10,00 + 5,00 = 15,00$ (l/sec)

Според тоа вкупната количина на вода која треба да се обезбеди, изнесува:

Q = Qmax/час+Qпож = 2,71+15,00 = 17,71 (l/sec)

Предвидена е изведба на засебна водоводна мрежа и засебна хидрантска мрежа. За водоводната мрежа усвоени се цевки Ø100mm со следниве карактеристики: брзина на водата V = 1,59 (m/sec) и хидраулички загуби од J=0,0105 m/m'.

За хидрантската мрежа усвоени се цевки Ø100mm со следниве карактеристики: брзина на водата V = 0,68 (m/sec) и хидраулички загуби од J=0,0045 m/m', а согласно Член 21 од Правилникот за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари („Службен весник на Република Македонија" број 26/18).

Проектирана е внатрешна водоводна мрежа водена ободно долж надворешните краеви на асфалтираното плато за пристап околу градбите, како и хидрантска мрежа.

Оттука, може да се заклучи дека постојниот доводен водовод Ø160може да ги задоволи потребите за водоснабдување.

Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект, предвидени се и приклучни места на градбите на водоводната мрежа. При изработка на основните проекти за градежната парцела, трасите на приклучоците ќе се доразработат, односно ќе се усогласат со проектните решенија за хидротехничка инфраструктура од тие проекти.

Фекална канализација

На северна страна предвидена е фекална канализација Ø250mm, на јужна страна Ø250mm и на запад Ø300mm.

Податоците за хидротехничката инфраструктура се согласно важечкиот Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1-Македонија и податоците добиени од ТИРЗ.

Количината на отпадните води ќе се пресметува како 80% од максималната часова потрошувачка на вода, зголемена за 20% од инфилтрација на подземни води:

Q = 0,80 × 0,44 × 1,2 = 0,42 l/sec

Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект, предвидени се и приклучни места на градбите на фекалната канализација. При изработка на основните проекти за градежната парцела, трасите на приклучоците ќе се доразработат, односно ќе се усогласат со проектните решенија за хидротехничка инфраструктура од тие проекти.

Со овој Урбанистички проект е предвидена локација за реализација на инсталација (подземна пречистителна станица) за пречистување на отпадните води од технолошкиот процес. Отпадните фекални води од кога ќе се пречистат во подземната пречестителна станица, предвидено да се испуштат во фекална канализација Ø250, планирана со Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1 изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех.бр. F1607 од јуни 2008 година, одобрен од

Министество за транспорт и врски со Решение број 16-8774/3 од 01.09.2008година долж улица 1 на јужна страна од проектниот опфат.

Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект, предвидени се и приклучни места на градбите на фекалната канализација. При изработка на основните проекти за градежната парцела, трасите на приклучоците ќе се доразработат, односно ќе се усогласат со проектните решенија за хидротехничка инфраструктура од тие проекти.

Атмосферска канализација

На северна страна предвидена е атмосферска канализација Ø300mm, на исток Ø300mm, на југ Ø500mm и на запад Ø500mm.

Податоците за хидротехничката инфраструктура се согласно Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1-Македонија.

Урбанистичкото решение предвидува изведба на сепаратен систем на канализација т.е. изградба на посебна канализациска мрежа за атмосферски води како и посебна канализациска мрежа за фекална канализација. Во внатрешноста на локацијата се трасираат водови на атмосферска канализација преку која ќе се евакуираат отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, дворните површини, од сообраќајните површини и зелените површини.

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, средниот коефициент на отекување, коефициентот на ретардација (задоцнување) и интензитетот на врнежи за Скопската котлина кој изнесува I = 110 l/sec/ha:

$Q = \Sigma F \times i \times \Psi \times \varphi$

Вкупната сливна површина која гравитира кон атмосферската канализација изнесува:

Fa = 6,17ha

Средниот коефициент на отекување ќе се пресмета по формулата:

$\Psi = (F1 \times \Psi1 + F2 \times \Psi2 + F3 \times \Psi3) / \Sigma F$

$\Psi = (0,64 \times 0,80 + 0,45 \times 0,15 + 1,14 \times 0,85) / 2,25 = 0,69$

Каде:

F1 – површини под покриви

F2 – површини со зеленило

F3 – површини под улици и тротоари

Ψ1 – коефициент на отекување од покриви

Ψ2 – коефициент на отекување од зеленило

Ψ3 – коефициент на отекување од улици и тротоари

Коефициентот на ретардација ќе се пресмета по формулата:

$\varphi = 1 / n\sqrt{\Sigma F} = 1 / 5\sqrt{2,25} = 1 / 1,18 = 0,85$

при што n = 5 за површини со слаб наклон и со продолжена форма.

Според тоа количината на атмосферска вода за одводнување изнесува:

$Qa = 6,17 \times 110 \times 0,69 \times 0,85 = 398,06$ l/sec

За овој проток на вода при минимален пад од 0,3% за канализацијата одговара цевка со профил од Ø300mm, што е воедно и препорачаниот минимален профил за атмосферска канализација согласно препораките на комуналните претпријатија. Усвоен е профил со Ø300mm, со полнеж од h/d = 0,40 и брзина на водата V = 2,38m/sec.

Со овој Урбанистички проект е предвидена локација за реализација на инсталација (подземна пречистителна станица) за пречистување на отпадните води од технолошкиот процес. Отпадните атмосферски води од кога ќе се пречистат во подземната пречестителна станица, предвидено да се испуштат во атмосферска канализација Ø500, планирана со Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1 изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех.бр. F1607 од јуни 2008 година, одобрен од Министество за транспорт и врски со Решение број 16-8774/3 од 01.09.2008година долж улица 1 на јужна страна од проектниот опфат.

Со овој Урбанистички проект е предвидена локација за реализација на инсталација (подземен) резервоари за складирање и прочистување на атмосферска вода.

При изработка на основните проекти за градежната парцела, трасите на атмосферската канализација ќе се доразработат, односно ќе се усогласат со проектните решенија за хидротехничка инфраструктура од тие проекти.

Хидрантска мрежа

Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект предвидена е надворешна хидрантска мрежа во склад со Правилникот за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари („Службен весник на Република Македонија" број 26/18).

Предвидената хидрантска мрежа е со прстенест систем на цевководи, со пречник Ø100mm, со следниве карактеристики: брзина на водата V = 0,68 (m/sec) и хидраулички загуби од J=0,0045 m/m', а согласно Член 21 од Правилникот за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари („Службен весник на Република Македонија" број 26/18). На хидрантската мрежа се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевководи имаат пречник најмалку Ø100mm. Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание не поголемо од 80m. Растојанието на хидрантот од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5m. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Внатрешната хидрантска мрежа во објетите ќе се решава во понатамошните фази, при изработка на основни проекти за градбите.

4.1 Електроенергетска инфраструктура

Податоците за постојната електроенергетската инфраструктура и супраструктура се добиени од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје.

Предвидени се следниве коефициенти за дефинирање на потребите за електрична моќност за:

- лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта 293kW/ha,

- зеленило и рекреација и инфраструктура 15kW/ha,

оттаму потребите за електрична моќност за градежна парцела 19.1 во која се предвидува лесна и незагадувачка индустрија, чија површина на земјиште изнесува 4,05 ha, потребата за електрична моќност изнесува 1186,65kW, а за останатите намени зеленило и инфраструктура чија површина на земјиште изнесува 2,12ha, потребата за електрична

моќност изнесува 31,8 kW. Вкупната електрична моќност потребна за предметниот плански опфат изнесува 993 kW.

Вкупната електрична моќност потребна за изнесува 1215,82kW,

$$\eta_{tr} = \frac{\Sigma P_{en}}{S_{tr}} = \frac{1218,45}{1000 \times 0,75} = 1,62 \text{ трафостаници}$$

Во рамки објект 19.1.1 се планираат 2 трафостаници.

Врз основа на потребите и барањата на идните корисници бројот може да се зголеми.

Приклучок на дистрибутивната мрежа на објектите ќе се изврши според согласност која инвеститорот треба да ја побара од ЕВН Македонија.

Кабловското напојување со нисконапонска ел. мрежа на градбата ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка идејни и основни проекти за електрична мрежа во соработка со стручните служби на ЕВН АД.

4.2 Телекомуникациска инфраструктура

Приклучок се планира од планираната телекомуникациска инфраструктура долж улица 1.

4. Детални услови за проектирање и градење

1. Одредбите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на Урбанистичкиот проект и имаат дејство само врз градителската активност која ќе следи по одобрување на урбанистичкиот проект.

2. Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

3. Сите детални услови за проектирање и градење кои се зададени со овој Урбанистички проект се компатибилни на условите зададени со важечкиот Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1 изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех.бр. F1607 од јуни 2008 година, одобрен од Министество за транспорт и врски со Решение број 16-8774/3 од 01.09.2008година. Условите од овој урбанистички проект единствено ги надополнуваат и детално разработуваат, а во никој случај не ги заменуваат условите за градење од важечкиот Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1, со тех.бр. F1607 од јуни 2008 година, одобрен од Министество за транспорт и врски со Решение број 16-8774/3 од 01.09.2008година.

4. Параметрите се применуваат во рамките на утврдената граница на опфатот. Специфичните параметри за уредување на просторот се однесуваат на поединечните површини за градење.

5. Проектниот опфат ги опфаќа дел од катастарските парцели КП 602/5, КП 602/34, КП 602/35, КО Бунарџик, Општина Илинден.

6. Со Урбанистичкиот проект се одредени:
   - Урбанистичко решение за проектниот опфат, односно за градежната парцела 19.1;
   - Регулациско и нивелациско решение во рамките на проектниот опфат;
   - Поединечни површини за градење ограничени со градежни линии;
   - Максимално дозволена височина на градбите, како и максимално дозволена катност;
   - Целосно решение на внатрешниот динамичен и стацинарен сообраќај;
   - Внатрешни водови на инфраструктурата за опслужување на новопроектираните градби.

7. Во графичките прилози од Планскиот дел на овој Урбанистички проект дадено е урбанистичко решение за проектниот опфат со зададени:
   - површини за градење со градежни линии,
   - намена на градбите,
   - нумерација на поставените површини за градење,
   - вкупна површина на градежна парцела,
   - вкупна етажна површина за градење,
   - максимална височина на градбата изразена во метри,
   - максимален број на спратови,
   - кота на нултата плоча,
   - процент на изграденост на земјиштето,
   - коефициент на искористеност на земјиштето,
   - внатрешен и стационерен сообраќај,
   - нивелманско решение
   - партерно уредување со хортикултура,
   - приклучни точки за сите водови и градби на инфраструктура.

8. Урбанистичкиот проект содржи и Проектен дел, во кој се дадени Идејни проекти за сите новопроектирани градби.

9. Намената на градежната парцела е превземена од Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1, со тех.бр. F1607 од јуни 2008 година, одобрен од Министество за транспорт и врски со Решение број 16-8774/3 од 01.09.2008година, кој е на сила, а при тоа усогласена со класификацијата на намени зададена во Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21 и 104/22) и истата е одредена како:
   - **Г2 –** Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

10. Намената во комплексот е:

    Г2 – ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА
    Дел од поединечните површини за градење и земјиштето во рамките на проектниот опфат се евидентирани и предвидени под комплементарни намени, а согласно одредбите на Член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21 и 104/22).
    Сите овие комплементарни намени се дополнување на главната намена и се во функција исклучиво за остварување на основната намена и се дефинирани во табеларен (нумерички дел) од овој Урбанистички проект.

11. Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.
Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка големина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.
Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.

Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект, планирана е 19.1 (една) градежна парцела со намена **Г2** – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија. Во табеларниот приказ што е составен дел на урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект, прикажана е градежната парцела и дефинирана со:

- број на градежна парцела;
- површина на градежна парцела (m²)
- површина за градење (m²)
- процент на изграденост (%);
- вкупна површина по катови (m²)
- коефициент на искористеност (k);
- намена на земјиштето и градбите;
- максимална висина на градбата (m');
- максимален број на катови;

Сите овие одредби се одредени согласно претходно зададеното со важечкиот Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1, со тех.бр. F1607 од јуни 2008 година, одобрен од Министество за транспорт и врски со Решение број 16-8774/3 од 01.09.2008година и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21 и 104/22).

12. За новопредвидените градби зададени се коти на приземна плоча, изразени во м.н.в. (метри надморска височина).

13. За новопредвидените градби од инфраструктура планирани се поединечни површини за градење ограничени со градежни линии во чии рамки може да се градат сите инфраструктурни градби како резервоари, спринклер системи и друго.

14. Над максималната височина на слемето и силуетата на покривот од +275.00 метри не е дозволено да отстапуваат никакви архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор.

15. Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај, потребите за паркирање за градежната парцела се решени во рамките на сопствената парцела. Потребниот минимален број на паркинг места е зададен од Инвеститорот со Проектната програма согласно реалните потреби, а во склад со одредбите на Член 134 став (1) од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21 и 104/22).

16. Процентот на озеленетост во рамките на парцелата претставува однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти.

    Со предлог партерното уредување на градежната парцела и урбанистичкото решение од овој урбанистички проект, одредени се површини под ниско зеленило и презентирани се информативни податоци за процент на оззеленетост на градежната парцела. При изработка на основните проекти, решението за партерно уредување и зеленило ќе се доразработи, односно усогласи со проектното решение од тие проекти, при што може да се добијат и други вредности за процентот на озеленетост, но истиот не смее да биде под 20% на ниво на градежната парцела, а во склад со одредбите на Законот за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија" број 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 42/20).
    Оваа одредба станува составен дел на условите за градење.
17. Зададените вредности со урбанистичкото решение од Планскиот дел на овој Урбанистички проект за површина на градење, бруто развиена површина, процент на изграденост, коефициент на искористеност, катност и височина на градбите се максимално дозволени вредности. При изработката на основните проекти за новопредвидените градби, може да се проектира градба и со помала површина, при што не смее да ги надмине овие максимални вредности и не смее да отстапува надвор од зададените градежни линии, односно граници на површината за градење.

18. За градежната парцела 19.1 изработено е и предлог на партерно уредување на парцелата. Истото ќе се доразработи при изработката на основните проекти за градежната парцела, односно ќе се усогласи со проектното решение за градбите од тие проекти.

19. Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект, предвидени се и приклучни места на градбите на водовите од комуналната инфраструктура. При изработка на основните проекти за градежната парцела 19.1, трасите на приклучоците ќе се доразработат, односно ќе се усогласат со проектните решенија за инфраструктурата од тие проекти.

20. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да

пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

21. Комуналниот отпад – сметот ќе се одлага во контејнери лоцирани на погодни места во рамките на проектниот опфат, од каде ѓубрето ќе се евакуира во регионална односно општинска депонија.

22. Доколку при реализација на Урбанистичкиот проект се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

23. Во врска со застапеноста на мерките за безбедноста на воздушниот сообраќај, од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство добиено е позитивно мислење за Урбанистичкиот проект со бр. 12-56/2023 од 31.01.2023 година, со напомена при спроведување на истиот да се почитуваат следните одредби:

- Објектите во рамките на проектниот опфат да се изведат со максимална елевација до 275 мнв;
- Максимална висина на било која друга надземна структура во парцелата, вклучително и улично осветлување и високо зеленило, не смее да надмине елевација од 275 мнв;
- Објектот да се обележи како препрека во воздухопловството за ноќно воочување со поставување на 10 црвени светилки со низок интензитет, тип Б, 32 cd, постојани и видливи од сите страни (кои ќе ја идентификуваат формата на објект-види прилог);
- Доколку се поставуваат кранови над елевација од 275 мнв, потребно е истите да се обележат како препреки во воздухопловството за дневно воочување со боење на кранот во црвено/бели полиња и за ноќно воочување со поставување на црвени светилки со ефективен интензитет од 32 цд на највисоката точка и на краевите од лостот;
- Надворешното осветлување да се планира со светилки кои емитираат светлина исклучиво кон земја, под агол од 90º;
- Во зафатот да не се предвидуваат објекти или содржини со елементи или структури кои во иднина ќе емитираат радио, ласерски сигнали, односно светлосни снопови, оџаци кои испуштаат дим, чад и пареа, содржини кои може да предизвикаат зголемено присуство на птици;
- За поставување на фотонапонски панели за фотоволтаична централа, потребно е да се изработи и достави соодветна Анализа-Студија за нивното влијание врз безбедноста на воздушниот сообраќај на аеродромот.

24. Во врска со застапеноста на мерките за заштита и спасување од страна на Дирекција за заштита и спасување – ПО Гази Баба, добиено е Мислење со бр. 09-66/22 од 08.02.2023 година каде се констатира дека мерките за заштита и спасување во документацијата се соодветно вградени.

25. Доколку при реализација на Урбанистичкиот проект, потребни се одредени измени на идеен проект или е потребно усогласување на Идејниот проект со Законот за градење, се

изработува нов Идеен проект во согласност со урбанистичките параметри од овој Урбанистички проект и во согласност со законската регулатива од областа на градењето.

За сè што не е регулирано со овие параметри, се применуваат одредбите на општите и посебни услови за градење од важечкиот Урбанистички проект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1, со тех.бр. F1607 од јуни 2008 година, одобрен од Министество за транспорт и врски со Решение број 16-8774/3 од 01.09.2008година.

Предмет на разработка е формирање на **градежната парцела 19.1**, со вкупна површина од **61726 m²** или **6,17 ха**.

Градежната парцела ГП 19.1 е планирана со намена
Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

Површина на градежна парцела:	**61726 m²**
Максимален дозволен % на изграденост:	**66%**
Максимален дозволен коефициент на искористеност:	**0,68**
Површина за градење:	**40500 m²**
Вкупната максимална бруто развиена површина на ниво на проектен опфат:	**41942 m²**
Површина под зеленило:	**12374 m²**
Максимална висина:	**16m**
Катност:	**П+1**
Максимална елевација:	**275 мнв**
Максимален агол на кров:	**35°**

Наменската употреба во проектниот опфат на земјиштето може да се претстави табеларно на следниов начин:

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ-Планирана состојба		
НАМЕНА	Површина m2	Проецент%
Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	61725,55	100,00%
ВКУПНО	**61725,55**	100,00%

Споредбени нумерички показатели во однос на дозволеното со важечкиот важечкиот Урбанистичкипроект за Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1, со тех.бр. F1607 од јуни 2008 година, одобрен од Министество за транспорт и врски со Решение број 16-8774/3 од 01.09.2008година.:

СОГЛАСНО УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ДОЗВОЛЕНИ
СО УП ЗА ТИРЗ СКОПЈЕ 1, ЗА БЛОК 19

Блок 19, ГП 19.1

Површина на градежна парцела	13431,59m²
Максимален дозволен % на изграденост	70%

Максимален дозволен коефициент на искористеност	2,5
Максимално дозволена површина за градење	9402,11m²
Површина под зеленило	1661,48m²
Максимална висина на венец	10м
Наменска употреба на земјиште	Г

Блок 19, ГП 19.2

Површина на градежна парцела	175,00m²
Наменска употреба на земјиште	Г5

Блок 19, ГП 19.3

Површина на градежна парцела	15563,28m²
Максимален дозволен % на изграденост	70%
Максимален дозволен коефициент на искористеност	2,5
Максимално дозволена површина за градење	10894,30m²
Површина под зеленило	1656,06m²
Максимална висина на венец	10м
Наменска употреба на земјиште	Г

Блок 19, ГП 19.4

Површина на градежна парцела	171,76m²
Наменска употреба на земјиште	Г5

СОГЛАСНО УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ДОЗВОЛЕНИ СО УП ЗА ТИРЗ СКОПЈЕ 1, ЗА БЛОК 20

Блок 20, ГП 20.1

Површина на градежна парцела	13307,67m²
Максимален дозволен % на изграденост	70%
Максимален дозволен коефициент на искористеност	2,5
Максимално дозволена површина за градење	9315,37m²
Површина под зеленило	1656,06m²
Максимална висина на венец	10м
Наменска употреба на земјиште	Г

Блок 20, ГП 20.2

Површина на градежна парцела	174,07m²
Наменска употреба на земјиште	Г5

Блок 20, ГП 20.3

Површина на градежна парцела	14041,22m²
Максимален дозволен % на изграденост	70%
Максимален дозволен коефициент на искористеност	2,5
Максимално дозволена површина за градење	9828,85m²
Површина под зеленило	1733,92m²
Максимална висина на венец	10м

Наменска употреба на земјиште	Г
Блок 20, ГП 20.4	
Површина на градежна парцела	172,56m²
Наменска употреба на земјиште	Г5
Сообраќајна површина помеѓу Блок 19 и Блок 20	4688,40m²

Согласно урбанистички параметри дозволени
со Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за парцелација на градежно земјиште во технолошко индустриски развојни зони во Блок 19 и Блок 20 од ТИРЗ Скопје 1 со намена Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Бунарџик, Општина Илинден

- **Блок 19, ГП 19.1**	
- Површина на градежна парцела	**61725,55m²**
- Максимален дозволен % на изграденост	**66%**
- Максимален дозволен коефициент на искористеност	**0,68**
- Максимално дозволена површина за градење	**40500 m²**
- Површина под зеленило	**12374m²**
- Максимална висина на градба	**16m**
- Наменска употреба на земјиште	**Г2**
- Максимална елевација:	**275 мнв**
- Максимален агол на кров:	**35°**

Површина за градење 19.1.1

Класа на намена: Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

Комплементарни намени: Администрација, гардероби, кујна, простори за едукација-тренинг, склад, трансформаторски станици

Максимална висина на градба: 5,00m / 5,20m / 5,70m / 8,00m / 10,00m / 16,00m

Број на катови: П, П+1

Нулта точка (мнв): ±0.00 (259,00)

Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект за градбата.

Површина за градење 19.1.2

Комплементарна намена: Портирница/пријавница

Максимална висина на градба: 5,00m

Број на катови: П

Нулта точка (мнв): ±0.00 (259,00)

Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект за градбата.

Површина за градење 19.1.3

Комплементарна намена: Пумпна станица

Максимална висина на градба: 5,00m

Број на катови: П

Нулта точка (мнв): ±0.00 (257,95)

Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект за градбата.

Површина за градење 19.1.4

Комплементарна намена: Контејнер

Максимална висина на градба: 5,00m

Број на катови: П

Нулта точка (мнв): ±0.00 (259,00)

Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект за градбата.

Површина за градење 19.1.5

Комплементарна намена: Спринклер

Максимална висина на градба: 5,00m

Број на катови: П

Нулта точка (мнв): ±0.00 (258,10)

Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект за градбата.

Површина за градење 19.1.6

Комплементарна намена: Спринклер

Максимална висина на градба: 5,00m

Број на катови: П

Нулта точка (мнв): ±0.00 (258,10)

Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект за градбата.

Површина за градење 19.1.7

Комплементарна намена: П.Резервоар

Спроведување: Зададена е подземна површина за градење; за градбата (инсталација) не е потребно одобрение за градење согласно Член 73 од Законот за градење, а изведувањето на истата е согласно пропишаната постапка од Член 74 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20 и 279/20).

Површина за градење 19.1.8

Комплементарна намена: Прочистителната станица

Спроведување: Зададена е подземна површина за градење; за градбата (инсталација) не е потребно одобрение за градење согласно Член 73 од Законот за градење, а изведувањето на истата е согласно пропишаната постапка од Член 74 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20 и 279/20).

ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Градежна парцела	Површина на проектен опфат - град. парцела (m^2)	Број на градба	Поединечна површина на наменска употреба на земјиштето (m^2)	Процентуална застапеност во однос на вкупната површина на градежната парцела	Површина под градба (m^2)	Процент на изграденост	Бруто развиена површина (m^2)	Процентуална застапеност во однос на вкупната бруто изградена површина во опфатот	Коефициент на искористеност	Класа на намена на парцела	Класа на намена на објект	Компементарна намена на основната намена на објект	Максимална висина на градба (m)	Број на спратови	Максимална елевација	Максимален агол на кров	Процент на озеленетост на градежната парцела	Потребен број на паркинг места
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10		11	11	12	13			14	15
19.1	61726 m^2	19.1.1	39839 m^2	64,54%	39839 m^2	66%	41281 m^2	98,42%	0,68	Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	Администрација, гардероби, кујна, простори за едукација-тренинг, склад, трансформаторски станици	H=5,0 H=5,2 H=5,7 H=8,0 H=10,0 H=16,0	П, П+1	275 мнв	35º	20%	55 патничко возило
		19.1.2	362 m^2	0,59%	362 m^2		362 m^2	0,86%			-	Портирница/пријавница	H=5,0	П				
		19.1.3	162 m^2	0,26%	162 m^2		162 m^2	0,39%			-	Пумпна станица	H=5,0	П				
		19.1.4	28 m^2	0,04%	28 m^2		28 m^2	0,07%				Контејнер	H=5,0	П				
		19.1.5	71 m^2	0,11%	71 m^2		71 m^2	0,17%			-	Спринклер	H=5,0	П				
		19.1.6	38 m^2	0,06%	38 m^2		38 m^2	0,09%			-	Спринклер	H=5,0	П				
		19.1.7	-	-	-		-	-			-	Подземен резервоар	-	-				
		19.1.8	-	-	-		-	-			-	Прочистителната станица	-	-				
		-	12374 m^2	20,05%	-		-	-			-	Површина под зеленило	-	-				
		-	8851 m^2	14,34%	-		-	-			-	Сообраќајни површини	-	-				
	61726 m^2		**61726 m^2**	**100,00%**	**40500 m^2**	**66%**	**41942 m^2**		**0,68**									

5. Мерки за заштита

Законската регулатива врз основа на која се уредува проектниот опфат, од аспект на заштита и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот проект е следна:

- Законот за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија" број 11/18);
- Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 ,44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18);
- Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13 и 146/15);
- Закон за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија" број 68/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 124/10 и 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита од бучава на животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21);
- Закон за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија", број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 152/19);
- Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Службен весник на Република Северна Македонија, број 231/2020);
- Закон за водите („Службен весник на Република Македонија" број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16);
- Уредба за класификација на водите („Службен весник на Република Македонија" број 18/99);
- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Службен весник на Република Македонија" број, 18/99 и 71/99);
- Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21 и 104/22);
- Закон за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19, 18/20 и 279/20) и други законски и подзаконски акти.

5.1 Мерки за заштита на животната средина

Право и должност е на Република Северна Македонија, општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е

регулирано со Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18).

Цели на овој Закон се:

- зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- заштита на животот и на здравјето на луѓето;
- заштита на биолошката разновидност;
- рационално и одржливо користење на природните богатства и
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.

Заштита и унапредување на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина.

Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната оранизација на урбаниот опфат.

5.1.1 Мерки за заштита на воздухот

Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух, се состои од 15 мониторинг станици, од кои три се лоцирани во Скопје, а останатите во другите градови низ Републиката.

Во фазата на изградба на предвидените содржини, можно е да се појават одредени локални и краткорочни влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух. Во оваа фаза, мерките за заштита генерално треба да се фокусираат на техничко ниво, преку примена на незагадувачки и одржливи градежни суровини, помошни материјали, и гориво за механизацијата, како и повторна употреба на отпадните материјали. При проектирање и реализација на сите објекти да се имплементираат принципите на енергетска ефикасност, да се предвидат мерки и активности за зголемено искористување на обновливите извори

на енергија, пред се сончевата преку поставување на сончеви колектори, како и да се предвиди соодветно заштитно зеленило (пред се околу сообраќајниците). При избор на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет на загадувачки материи.

За сите објекти и инсталации кои се во фаза на проектирање, изградба, реконструкција или експлоатација, задолжително е почитување на пропишаните гранични вредности за емисија на отпадни гасови и пареи. Исто така, задолжително е почитување на пропишаните гранични вредности за емисија на загадувачки супстанции од подвижни извори на загадување.

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат фабриките и целиот комплекс на ТИРЗ Скопје 1 зоната.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинот на греењето, нема да претставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина, бидејќи греењето е централно или со електрична енергија.

Правните лица сопственици, односно корисници на определени инсталации коисе извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух кои се опфатени со државната /или со локалните мрежи, согласно со овој закон се должни да:

1). инсталираат и да одржуваат во исправна состојба мерни инструменти за следење на емисиите на местото на изворот и

2). обезбедат редовно следење, мерење и обработка на податоците на емисиите од изворот на загадувањето и за тоа да водат дневник.

Мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии од определени поединечни стационарни извори

1) Правните и физичките лица сопстеници, односно корисници на определени инсталации кои се извор на загадувачки суптанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени во државата и/илилокалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат ситем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух во реонот на објектот.

2) Лицата од ставот (1) на овој член следењето и мерењето можат да го вршат преку сопствени служби или преку научни и стручни организации или други правни лица, доколку се акредитирани за вршење на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, во согласност со овој закон и друг закон.

За утврдување на степенот на загаденост на амбиентниот воздух, изворите на загадување, како и нивното штетно влијание врз квалитетот на воздухот, се установува Катастарот на загадувачи на воздухот.

5.1.2 Мерки за заштита на водите

Секое дејствие или активност со кое се загадуваат водите или се испуштаат отпадни води или непреземање на дејствие, со кое се овозможува загадување на водите или испуштање на отпадни води е забрането согласно Законот за водите („Службен весник на Република Македонија" број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21).

Отпадните фекални води од кога ќе се пречистат во подземната пречестителна станица, предвидено да се испуштат во планирана фекална канализација.

5.1.3 Мерки за заштита на почвата

При изградбата на предвидените содржини во проектниот опфат да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. За време на градежните активности потребно е да се врши контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, ре-употреба на вишокот земјен материјал од ископите, организирано управување со отпадот. Исто така потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

Со имплементација на предвидените мерки за управување со отпадот, отпадните води, масти, масла, горива, како и со доследно почитување на законската регулатива, ќе се спречи или намали ризикот од загадување на почвата.

5.1.4 Мерки за заштита од бучава

Во насока на минимизирање на бучавата се препорачува употреба на современа механизација во периодот на изградба на предвидените објекти во проектниот опфат и примена на висококвалитетни изолациски материјали. Изведувачите треба да ги почитуваат роковите за градба дадени од надлежниот орган, правилна организација на градежните активности и почитување на работното време, со цел намалување на вкупното време за градежни активности. Работното време и правила да се воспостават врз основа на потребите за намалување на бучавата.

Дополнително, како мерка за контрола и мониторинг на бучавата, потребно е имплементирање на одредбите од Законот за заштита од бучава во животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15) и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/20), преку подготовка на стратешка карта за бучава и класификација на територијата на општината според степенот на заштита од бучава.

Секојдневната изложеност на населението на високо ниво на сообраќајна бучава, карактеристична за урбанизираните подрачја, има сериозен јавно – здравствен ризик и наметнува потреба од контрола на бучавата во раните фази од планирањето и уредувањето на просторот. Во планскиот период треба да се стават во функција мерни места за следење на бучавата.

Како краткорочен приоритет треба да се постави изработката на Програма за работа на државната односно локалните мрежи за мониторинг на бучавата. Во подрачја покрај магистрални патишта се поставуваат најмалку 10 репрезентативни мерни места кои треба да ја покријат целата зона на сообраќајницата и постојаните извори на бучава.

Зоната ТИРЗ Скопје 1 се наоѓа на соодветно растојаните од населени места со што не би претставувала ризик од прекумерена бучава на населението.

5.1.5 Мерки за управување со отпадот

Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Во фазата на изградба неопходно е воспоставување на ефикасен систем за правилно управување со сите видови и количества на отпад што ќе се создадат. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. После соодветниот третман отпадот да се одложи со контролиран транспортен систем на постојната депонија. Создавачот и/или имателот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

5.1.6 Мерки за заштита на биодиверзитетот

Основен услов за намалување на влијанијата врз флората и фауната е примената на предвидените мерки за правилно управување со просторот, воздухот, водите, почвата, нивоата на бучава и отпадот.

При реализација на активностите на терен да се избегне прекумерно искористување или губење на биолошките ресурси и модификација и фрагментација на природните живеалишта, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите на анализираното подрачје.

5.2 Мерки за заштита и спасување

Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21) и Закон за пожарникарството (Службен весник на Република Македонија, број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 152/19), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката. Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21) и Закон за пожарникарството (Службен весник на Република Македонија, број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 152/19), како и Уредбата за спроведување на заштита и спасување од пожари („Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/05), Уредбата за спроведување и спасување од урнатини („Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/05) и Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на градбите, како и учество во техничкиот преглед („Службен весник на Република Северна Македонија" број 105/05).

Системот за заштита и спасување се остварува преку:

- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средстата за заштита и спасување;
- Одредување и изведување на заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа и Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштита и спасување, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат План за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување. Планот го донесува Советот на Општината. Согласно член 51 и член 53 од горенаведениот Закон за заштита и спасување мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани. Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата. Во функција на превенција се следните мерки и активности:

1. Изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценетите опасности.

2. Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа

3. Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување

4. Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување

5. Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градбите и инфраструктурата согласно член 53 од претходно наведениот Закон за заштита и спасување како и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.105/05), како и учество во техничкиот преглед. Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите
- Во проекти за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај,црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и

- При изградба на објект и инфрастурктура.

Согласно член 54 од Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Република Северна Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), а во функција на уредување на просторот задолжително се обезбедува: Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
- Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
- Озбебедување на противпожарни пречки
- Изградба на градби за заштита и
- Изградба на потребната инфрастурктура

Согласно член 61 од Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21) се предвидуваат:

5.2.1 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

